Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-3455
25.03.19 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни специјалистички студии по Козметологија на Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни специјалистички студии по Козметологија на Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 03-752/1 од 17.12.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3455 од 19.12.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишни специјалистички студии по Козметологија, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-359/2 од 28.11.2018 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3455 од 01.02.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.03.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3455 од 13.03.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на едногодишни специјалистички студии по Козметологија на Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti